**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Северна Македонија, одржана на**

**22 април 2025 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Северна Македонија, сала Македонија, со почеток во 11,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

**Африм Гаши:** Дами и господа пратеници ја отворам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Северна Македонија.

Пратениците Соња Мираковска, Даниела Белимова, Горан Мисовски, Благој Бочварски, Иванка Василевска, Катерина Димитревска, Мевмед Џафери, Саранда Имери Стафаи, Али Ахмети, Зијадин Села, Скендер Реџепи и Мендух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, члeновите на Владата на Република Северна Македонија, претседателот на управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, претседателот на Државната комисија за жалби по јавни набавки, директорот на Агенцијата за електронски комуникации, претседателот на комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Народен правобранител, директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија, претседателот на Програмскиот совет на Македонската радио телевизија, претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и директорот на Агенцијата за заштита на лични податоци.

Записниците од 38-та, 30-та,34-та и 40-та седница ви се доставени.

Дали има некои забелешки за записниците?

Бидејќи нема констатирам дека записниците од 38-та и 42-та седница се усвоени без забелешки.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - второ читање

2.Предлог на закон за енергетика - прво читање

3.Дополнет предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија

4.Дополнет предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија

5.Предлог на одлука за именување на директор на Агенцијата за квалитет во високото образование

6.Предлог на одлука за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството за механизмот за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител

7.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - второ читање

8.Предлог на закон за изменување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност - второ читање

9.Предлог на закон за изменување на Законот за вработување и работа на странци - Второ читање

10.Предлог на закон за изменување на Законот за Европски работнички совет - второ читање

11.Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот - Второ читање

12.Предлог на закон за изменување на Законот за практикантство - Второ читање

13.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап - второ читање

14.Предлог на закон за изменување на Законот за мирно решавање на работните спорови - Второ читање

15.Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија - второ читање

16.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај - второ читање

17.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост - второ читање

18.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот - второ читање

19.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничките барања за производите и оцена на сообразност - второ читање

20.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка - второ читање

21.Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми - второ читање

22.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за процена - второ читање, поднесен од пратениците Тони Јаревски, Бране Петрушевски, Каролина Насковска, Сергеј Попов, Драгана Бојковска, Бети Стаменкоска Трајкоска и Жаклина Пешевска

23.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права - второ читање, поднесен од пратениците Бране

Петрушевски, Бети Стаменкоска Трајкоска, Тони Јаревски, Каролина Насковска и Малиша Станковиќ

24.Предлог на одлука за одобрување на Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2024 година

25.Предлог на одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година

26.Предлог на одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година

27.Предлог на одлука за давање согласност на Годишната програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година

28.Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година

29.Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година

30.Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година

31.Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2024 година

32.Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2024 година

33.Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2024 година

34.Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024 година

35.Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година

36.Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2024 година.

Врз основа на член 83 од Деловникот на Собранието дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, предложениот дневен ред во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите гласаа за, нема против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го утврди предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, Ве потсетувам дека согласно член 86 од Деловникот од Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот. Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот. Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

По исклучок пратениците кои во една минута по отворањето на претресот се спречени да се пријават за збор поради присуство на седници на работните тела или делегациите на Собранието чии членови се тие имаат право да се пријават за збор од моментот кога присуствуваат на седницата на Собранието, доколку претресот по точката од дневниот ред се уште трае.

Едновремено ве известувам дека согласно член 91 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Врз основа на член 92 став 1 и 2 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група или еден пратеник определен од пратеничката група или од координаторот на пратеничката група и предлагачот можат да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Претставник на Владата кога не е предлагач, може да говори само еднаш најдолго 15 минути.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 1 – Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување ба Законот за градење – второ читање**

Дополнетиот предлог на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање, како матично работно тело и Законодавно правната комисија ви е доставен.

Врз основа на член 163 став 1 од Деловникот на Собранието на второто читање на седницата на Собранието се води претрес само по членовите 4 и 13 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес по членовите 4 и 13 на дополнетиот предлог на закон.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по членовите 4 и 13 на дополнетиот предлог на закон да се пријават за збор.

За збор се јави заменик министерот за транспорт госпоѓа Калтрина Зеколи Шаќири, повелете имате збор.

**Калтрина Зеколи Шаќири:** Предлагам пред Собранието на Република Северна Македонија законот за измена и дополнување на Законот за градење по скратена постапка.

Овдека се предвидува правните лица кои што вршат активности на проекција на проектите, изградба на објектите и надзор на објектите да имаат лиценци за вршење на овие активности. Во

случај ако се констатира престап за земање на лиценцата или овие лица ако работат во спротивност со законот, се предвидува дека лиценците да се укинуваат тие од Министерството за транспорт и од другите надлежни органи.

Целта е да се има поголема контрола над правните лица кои што имаат лиценци во областа на градежништвото и да имаме што поефикасна работа. Се предлага овој закон за изменување на Законот за градење да се разгледува во Собранието со скратена постапка според член 175 став 1 од Деловникот на Собранието. Ви благодарам.

**Африм Гаши:** Ви благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по членовите 4 и 13 на дополнетиот предлог на закон е завршен.

Врз основа на член 163 став 2 од Деловникот на Собранието за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на дополнетиот предлог на закон. Поради тоа што Собранието не усвои ниеден амандман на дополнетиот предлог, врз основа 167 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлог на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеника, од кои 65 пратеника гласаа за, 10 пратеника гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за градење.

**Минуваме на точка 2 – Предлог на Закон за енергетика – прво читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетски политика, како матично работно тело и Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои Сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави министерката за енергетика госпоѓа Сања Божиновска, повелете имате збор.

**Сања Божиновска:** Почитуван претседател на Собрание, почитувани пратеници,

Дозволете ми да ја образложам потребата од донесување на ова законско решение, кое како точка на дневен ред на оваа седница.

Од содржината на текстот на поднесениот Предлог закон за енергетика и од нејзините делови кои ги имате, несомнено произлегува дека истиот е потребен заради две причини. Првата е интересот на граѓаните, а втората е реализација на нашите обврски за нашето членство во енергетската заедница. Што значи транспонирање на европското законодавство на европското законодавство од дел од европските АКИС во внатрешниот и правен поредок.

Согласно донесените одлуки на Министерскиот совет од енергетската заедница број 2021 13 МСИНС и број 2020 03 МСИНС секоја договорна страна на енергетската заедница има обврска овие директиви и регулативи, кои го сочинуваат пакетот за чиста енергија, да ги транспонираат во своето законодавство. Рокот за нас беше 31.12.2023 година, сега сме април 2025 година, се надевам дека ќе се усогласиме и дека ова ќе го донесеме.

Во контекст на обврската која како држава членка ја имаме, сакам да истакнам дека овој процес во кој заеднички како држава се залагаме да го затвориме како успешен е дел од реформската агенда, меѓутоа не е само правен препис, туку е и формална хармонизација на европските директиви и регулативи. Исто така и правен основ кој суштински и долгорочно придонесува кон реформа, модернизација и одржливост на енергетскиот сектор.

Во однос на значењето и суштината на пакетот Чиста енергија сакам да го потенцирам следново: Оваа европска обврска претставува витална компонента на енергетската транзиција која ја води Европа и светот кон поодржлива иднина. Овој пакет претставува сет мерки и поддршка со цел да го поттикнеме домашното производство, да употребуваме енергија од обновливи извори, да се зголеми енергетската ефикасност и да имаме помодерен и дигитализиран енергетски систем.

Со целосна реализација на овој енергетски пакет кој во најголем дел е пресликан во Предлог законот за енергетика, како држава ќе овозможиме длабоки и позитивни ефекти врз сите сегменти во општеството, економијата, животната средина и секојдневието на граѓаните. Иако со европската ознака на законот даваме јасен сигнал, порака и специфика, пред јавноста сакам да пренесам, во оваа законска материја од 317 члена се транспонирани клучните европски акти, како што се Директивата 2019-944, Регулативата 2019-943, ЦАЦМ регулативата 2015, Ремит регулативата 1227 и регулативите од ЕУ 2017 и 2022.

Со формирањето на министерствата за енергетика, рударство и минерални суровини овој процес на пишување на Предлог законот за енергетика зазема сериозна приоритизација, продолжи во повторена постапка на ниво на работни групи со претставници од Регулаторната комисија, МЕПСО, ЕСМ, ЕВН, ТЕТО и МЕМО, стопанските комори, асоцијации и други институции, односно сите директно засегнати страни кои се дел од имплементацијата и уредувањето на оваа област.

Работните групи одржавме 14 состаноци во просториите на Министерството и првата работна верзија на Предлог законот беше дадено на јавна консултација, на ЕНЕР беше прикачена, работниот текст беше доставен до Секретаријатот

на енергетската заедница, добивме коментари и соодветно се вградија во ова законско решение. Во подготовка на овој Предлог закон соработувавме и со консултантска помош од Европската банка за обнова и развој ЕБРГ и нашиот тим во Министерството ги усогласуваше сите овие работи со европското енергетско право.

Можам да кажам дека многу сум горда за тоа што прв пат се пишува закон од Министерството, односно од македонски професионалци, вработени во нашата јавна администрација, од луѓе кои имаат долгогодишно професионално искуство во областа на енергетиката без надоместок кои поставија високи стандарди за идното работење на Министерството.

Заради сето ова и заради нашата обврска од реформската агенда што треба да значи создавање на либерализиран, транспарентен и конкурентен пазар на електрична енергија, би сакала да изразам и голема благодарност до вас пратениците кои го имате овој Предлог на закон кој го разгледуваме како точка на дневен ред и да ја потврдам отвореноста на Министерството и потребата од заедничка соработка, односно учество на овој процес и може да имате сите. Согласно предвидената реформска агенда директно поврзана со клучните приоритети на Македонија, особено во делот на владеење на правото, економско управување, енергетска безбедност и подготовка за членството во Европска Унија со новиот закон се исполнуваат неколку важни чекори и тоа:

Прво е усогласување со Пакетот на интеграција на електрична енергија за да се овозможи спојување на пазарот на електрична енергија, ние веќе работиме на спојување на пазарите со Република Грција, усогласување на Пакетот за интеграција на пакетот за интеграција на електрична енергија, постепено приспособување на цената на електричната енергија на пазарно ниво, придружена со сериозни мерки за справување со енергетската сиромаштија и дозволете ми сепак да ги потенцирам најглавните обележја и новини на овој Предлог закон на енергетика. Се воспоставува сигурност и стабилност во снабдување со електричната енергија, ќе имаме зголемена регионална соработка и подобро управување со енергијата, што ќе придонесе за стабилни цени во иднина, усогласен систем кој отвора можности за побрзо вклучување во регионалниот електроенергетски пазар, подобри услови за инвестиции во обновливи извори, како што се: соларни, ветерни и хидро електрани, воведување концепт на активни потрошувачи, енергетската политика ќе се спроведува преку имплементација на Стратегија за развој на енергетиката, акционен план за спроведување на интегрираниот национален план за енергија и клима и општински енергетски планови и други стратешки документи кои се во согласност со долгорочните климатски економски цели на државата.

Складирањето на електричната енергија, како посебна енергетска дејност, е допрецизирано, за прв пат ова ќе го имаме во нашата легислатива, ќе се воведе интеграција на електромобилноста во електричната мрежа и исто така можност за договор за агрегација со вршител на енергетска дејност. Ќе се воведат и паметни мерни системи и полнење и продажба на садови под притисок со течен нафтен гас. Усогласени ќе бидат и регулативите за заштита и безбедност при снабдување со гас и Регулативата за снабдување на гас во однос на функционирање на пазарот на гас. Законот ќе гарантира пазарно засновани цени на снабдување со електрична енергија и ќе има исклучок, ранливи потрошувачи и домаќинства што се погодени од енергетската сиромаштија.

За прв пат енергетската сиромаштија ќе се мери со фер методологија за мерење на нивото на енергетската сиромаштија. Ранливите потрошувачи покрај од универзалниот снабдувач, може да се снабдуваат и со електрична енергија и од друг снабдувач, Министерството ќе е одговорно во однос на проценките на ризиците за сигурност со снабдување со електричната енергија. Исто така и енергетската политика ќе значи изградба на нови објекти и е предвидено да се одвива во постапка утврдена со законот преку годишен план за изграба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија.

Сопственик на операторот на електро-преносниот систем ќе биде Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Ќе се воведе и десет годишен план за развој на електро-преносниот систем и отстранете ја можноста да не се читаат мерните уреди. Ќе воведеме граѓанска енергетска заедница, тоа ќе биде активниот потрошувач и усогласени се дел од одредбите со други закони, како што е Законот за трговија во делот на трговец со големо.

Предвиден е исклучок за нафтовод за сурова нафта или продуктовод што претходно не е користен за транспорт на сурова нафта, кој планира да го започне својот прв оперативен период во тековната година и за да нема двогодишен мораториум во изградбата на овие нови објекти, во преодните објекти ќе бидат систематизирани одредбите со кое е предвидливо како ќе течат започнатите постапки и кои ќе бидат дел од плановите за 2025 и 2026 година. Секако предвидени се соодветни глоби и прекршоци.

Имплементацијата на овие прописи ќе бара значителни институционални и административни напори, што значи дека ќе треба да се јакнат капацитетите на институциите како што се Регулаторната комисија за енергетика, операторите на преносниот и дистрибутивниот систем. И исто така ќе биде важно да се поттикне соработката со приватниот сектор и со граѓанското општество.

Тука сум, значи ако имате некои забелешки, дали се тоа номо-технички или ваши забелешки за предложените амандмани, значи во секое време може да ме контактирате и да во второто читање, односно амандманската расправа да произлезат и некои нови, и ви благодарам на вниманието,

очекувам и ваши видувања во однос на предложениот закон.

**Африм Гаши:** Благодарам.

Исто така сакам да го поздравам моментот и сакам да ги охрабрам и другите министри, кога има вакви многу битни, структурни закони, да законите да дојдат вака во прво читање и да имаме можност целосно како пратеници да учествуваме во дебатата.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлог на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика, како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата во Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлог законот за енергетика е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика и Законодавно правната комисија на Собранието.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеника, за гласаа 82 пратеника, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точка 3 – Дополнет предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на емигранти низ територијата на Северна Македонија**

Дополнителниот предлог на Комисијата за одбрана и безбедност, како матично работно тело и Законодавно правната комисија ви се доставени.

Врз основа на член 163 став 1 од Деловникот на Собранието на второ читање на седницата на Собранието се води претрес само за насловот на Предлог на одлуката и за член 1 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес по насловот на Предлог на одлуката и за член 1 од Дополнителниот предлог на закон.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по насловот на Предлогот на одлуката и член 1 на Дополнителниот предлог да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека дискусијата за членот 1 заврши.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник, за гласаа 81 пратеник, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на емигранти низ територијата на Северна Македонија.

**Минуваме на точка 4 – Дополнет предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Северна Македонија**

Дополнителниот предлог на Комисијата за одбрана и безбедност, како матично работно тело и Законодавно правната комисија ви се доставени.

Врз основа на член 163 став 1 од Деловникот на Собранието на второ читање на седницата на Собранието се води претрес само за насловот на Предлог на одлуката и за член 1 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес по насловот на Предлог на одлуката и за член 1 од Дополнителниот предлог на закон.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по насловот на Предлогот на одлуката и член 1 на Дополнителниот предлог да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека дискусијата за членот 1 заврши.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеника, за гласаа 79 пратеника, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Северна Македонија.

**Минуваме на точка 5 – Предлог на одлука за именување на директор на Агенцијата за квалитет во високото образование**

Предлог одлуката ви е доставена.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлог одлуката, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеника, за гласаа 70 пратеника, против гласаа 16 пратеника, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на директор на Агенцијата за квалитет на високото образование.

**Минуваме на точка 6 – Предлог на одлука за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството, за механизмот за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител**

Предлог одлуката ви е доставена.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлог одлуката, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеници, од кои 69 пратеници гласаа за, 14 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството за механизмот за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител.

**Минуваме на точка 7 – Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување – второ читање.**

Ве известувам дека Комисијата за социјална политика, демографија и млади како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не го разгледаа и не заземаа став по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во рокот утврден во член 156 став 1 од Деловникот на Собранието.

Врз основа на член 85 став 2 од Деловникот на Собранието Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 88 пратеници, од кои 71 пратеник гласаше за, 17 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

**Минуваме на точка 8 – Предлог на закон за изменување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ова гласање ќе се прогласи за неважечко.

Молам службата технички да биде подготвена и кога ќе биде да ни каже да гласаме повторно.

Известен сум дека е се во ред со техниката.

Ве повикувам да гласаме.

Рестартирајте го системот повторно.

Додека е оваа пауза дозволете да ви честитам уште еднаш Велигден на сите православни верници.

Се надевам дека сега се е во ред.

Ве повикувам да гласаме за Предлогот на законот во целина.

Вкупно гласаа 80 пратеници, од кои 71 пратеник гласаше за, 9 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

**Минуваме на точка 9 – Предлог на закон за изменување на Законот за вработување и работа на странци – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 88 пратеници, од кои 71 пратеник гласаше за, 17 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот Вкупно гласаа 81 пратеник, од кои 71 пратеник гласаше за, 10 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци.

**Минуваме на точка 10 – Предлог на закон за изменување на Законот за европски работнички совет – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов

за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеници, од кои 70 пратеници гласаше за, 12 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот на европски работнички совет.

**Минуваме на точка 11 – Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеници, од кои 70 пратеници гласаше за, 9 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот.

**Минуваме на точка 12 – Предлог на закон за изменување на Законот за практиканство – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, од кои 70 пратеници гласаше за, 8 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за практиканство.

**Минуваме на точка 13 – Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, од кои 68 пратеници гласаше за, 10 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап.

**Минуваме на точка 14 – Предлог на закон за изменување на Законот за мирно решавање на работните спорови – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, од кои 68 пратеници гласаше за, 7 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за мирно решавање на работните спорови.

**Минуваме на точка 15 – Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, од кои 67 пратеници гласаше за, 6 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

**Минуваме на точка 16 – Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, од кои 67 пратеници гласаше за, 10 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај.

**Минуваме на точка 17 – Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, од кои 66 пратеници гласаше за, 11 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост.

**Минуваме на точка 18 – Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот – второ читање.**

Извештаите на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, од кои 67 пратеници гласаше за, 11 пратеници гласаа против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничките барања за производите и оцена на сообразност, второ читање.**

Извештаите на Комисија за економски прашања, труд и енергетска политика, како матично работно тело и на Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Комисија за економски прашања, труд и енергетска политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлог на закон во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, од кој 68 пратеници гласаа за, 6 пратеници гласаа против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за техничките барања за производите и оцена на сообразност.

**Минуваме на точка 20 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, второ читање.**

Извештаите на Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, од кој 70 пратеници гласаа за, 6 пратеници гласаа против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист

и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

**Минуваме на точка 21 – Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, второ читање.**

Дополнетиот предлог на закон на Комисија за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Ве известувам дека врз основа на точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Северна Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство на гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кој припаѓаат на заедниците кој не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Врз основа на член 163 став 1 од Деловникот на Собранието на второ читање само се води претрес само за членовите 3 и 6 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес за членовите 3 и 6 на Дополнетиот предлог на закон.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакаат да говорат по членовите 3 и 6 на Дополнетиот предлог да се пријават за збор.

Бидејќи никој не бара збор констатирам дека претресот за членовите 3 и 6 е завршен.

Ве потсетувам дека врз основа на точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Северна Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кој припаѓаат на заедниците кој не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, од кој 69 пратеници гласаа за, 8 пратеници гласаа против, нема воздржани.

Сега ги молам пратениците кој не се мнозинство во Република Северна Македонија да се произнесат по предлог на законот

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 16 пратеници, од кој 15 пратеници гласаа за, 1 пратеник гласаше против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми.

**Минуваме на точка 22 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за процена, второ читање, поднесен од пратениците Тони Јаревски, Бране Петрушевски, Каролина Насковска, Сергеј Попов, Драгана Бојковска, Бети Стаменкоска-Трајкоска и Жаклина Пешевска.**

Вкупно гласаа 74 пратеници, од кој 68 пратеници гласаа за, 6 пратеници гласаа против, нема воздржани.

Извештаите на Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бесејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на закон во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 пратеници гласаа за, нема против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за процена.

**Минуваме на точка 23 – Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, второ читање, поднесен од пратениците Бране Петрушевски, Бети Стаменкоска-Трајкоска, Тони Јаревски, Каролина Наскоска и Малиша Станковиќ.**

Извештаите на Комисија за култура и туризам, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија ви се доставени.

Комисија за култура и туризам како матично работно тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Предлогот на закон во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, сите 75 пратеници гласаа за, нема против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права.

**Минуваме на точка на точка 24 – Предлог на одлука за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2024 година.**

Предлог на одлуката и извештаите на Комисија за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање како матично работно тело ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакаат да говорат по општата расправа да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлог на одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од кој 9 пратеници гласаа за, 68 пратеници гласаа против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2024 година.

Пред да преминеме на следната точка дозволете ми да исправиме една техничка грешка. Претходната одлука Собранието не ја донесе, а јас реков дека сме ја донеле. Значи барам да се исправи во записниците и да остане како одлука Собранието не ја донесе одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2024 година.

**Минуваме на точка 25 - Предлог на одлука за давање на согласност на финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година.**

Предлогот на одлуката и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени.

Отворам општа расправа и ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакат да говорат по општата расправа по предлог на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, од кој сите 77 пратеници гласаа за, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година.

**Минуваме на точка 26 – Предлог на одлука за давање на согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година.**

Предлогот на одлуката и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 пратеници гласаа за, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година.

**Минуваме на точка на точка 27 – Предлог на одлука за давање на согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година.**

Предлогот на одлуката и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакат да говорат по општата расправа по предлог на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, сите 78 пратеници гласаа за, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање на согласност на Програмата за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2025 година.

**Минуваме на точка 28 – Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година.**

Годишниот извештај и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакаат да говорат по претресот по Годишниот извештај да се пријават за збор.

За збор е пријавен пратеникот Фатмир Битиќи. Повелете имате збор.

**Фатмир Битиќи:** Ви благодарам претседател.

Почитувани колеги пратенички и пратеници немав намера да се пријавам за збор, но поттикнат од начинот на гласање за три претходни документи кој што се увертира на овој документ, а тоа е гласавте за Финансискиот план за 2025 година и со целата храброст браво што гласавте за. Гласавте за Стратешки план подготвен од сегашното раководство, благодарам што гласавте за. И гласавте за Програмата за 2025 година исто за и за тоа уште еднаш благодарност.

Но, лицемерието е што за оваа точка ќе гласате против. Затоа што, бев на Комисија. Затоа што на Комисија за финансирање и Буџет кажав да има уште еден заклучок. А тоа е заклучокот да до Влада предложиме да затоа што раководството не е подобно за владејачкото мнозинство да се разрешат па да бидеме искрени пред јавноста, пред нас како пратеници. Значи овде за оваа точка гласањето е само заради тоа што луѓето кој што во овој момент ја водат Државната комисија за постапување по јавни набавки не се ваши т.е. продолжуваат исто тоа и ги гледам уважените пратеници на крај затоа што имаме често

дискусија со координаторот на ЗНАМ на наши, ваши дека не треба и дека овие се политички, а вие ќе ставате не политички. Е ќе видиме кога ќе дадете предлог дали ќе бидат политички или не политички или професионални наспроти не професионални. И затоа кога ќе ги гледате овој годишен извештај ќе видите дека ретко ќе најдете институција која што има 98% успешност во работењето. Што е успешност? Ако имате илјада и нешто предмети и вие постапувате со 98% од предметите, 97,5% од предметите, а на тоа добивате само 8% жалби во Управен суд, а од тие 8% жалби видете кој колку се оспорени од Уставниот суд. Не можете да кажете дека заради не професионалност ова раководство не чини па годишниот извештај нема да им го оспориме. Па слушнавме и квалификација искрено на Комисија за финансирање и Буџет, премногу статистика имало во извештајот. Па што треба да има извештајот? Па има предмети и постепени предмети, има време за колку се постапува по еден предмет. Ако тоа не е индикатор, показател, а тоа е дел од статистиката. Не знам што очекувате. Да кажуваат со имиња и презимиња за која фирма постапувале и не постапувале. Затоа се пријавив само за да кажам дека да, ќе си бидеме конзистентни, ќе гласаме за. И овој годишен извештај како гласавме за сите други, но ова е јасната слика на демократскиот капацитет и на ова собрание сега. Дека кога не ни се допаѓаат луѓето затоа што се викаат Кирил или Фатмир ќе ги разрешите. Затоа што не се ваши. Продолжете со ваши и наши па ќе ја видиме Македонија горда.

**Африм Гаши**: Благодарам.

По ред е Бојан Стојаноски, повелете.

**Бојан Стојаноски**: Со сета почит господине Битиќи. Тука не се работи за наши и ваши или подобни и не подобни. Се работи за криминалци и за чесни. Има две институции кој што го гарантираат системот на јавни набавки за кој што тие кој што се учесници на тој економски спектар може да се жалат или да бидат уредени во постапката. Тоа е Бирото и тоа е оваа државна Комисија. Проблемот е што јас лично и моите колеги од мнозинството имаме проблем со луѓе кој што не професионално си ја вршеа работата и кој наместо да ги заштитат, граѓанските, народните, државните пари не го правеле тоа и богателе криминалци на сметка на пари на граѓаните. Тоа е нашиот проблем. Јас на таа Комисија бидејќи реплицирав со вас не кажав дека статистиката е лоша работа, напротив кажав добро е да има повеќе статистика, ама да нема графички добро сведени извештаи и да гледаме ние убави слики на Пауер поинт, а да не ја гледаме суштината.

Понатаму има проблем, заради тоа што кој што е најповикан и кој што зема плата од граѓаните да ја претставува таа Државна Комисија не дојде на Комисијата да се соочи со пратениците, бидејќи бил замислете лут на пратениците зошто му изгласале негативен извештај за 2023 година. И сега, нормално дека ќе го гласаме и финансискиот план и стратешкиот план и програмата за 2025 година. Затоа што веруваме дека нема да биде како до сега. Затоа што очекуваме тие кој што ќе дојдат ќе одлучуваат професионално и нема еден ден ние од сабајле да го почнеме со тоа што агрегаторите на вести ќе бидат полни со вести ќе доминираат кој е денеска уапсен затоа што украл народни пари. Затоа што е некако на некаков начин вмешан во некој коруптивен скандал и украл пари од граѓаните. Затоа ние сакаме да направиме институции во кој што тие што ќе се жалат, тие кој што ќе сакаат да остварат некое право ќе може да го остварат. И сега се доведува логичното прашање кое што нели нормално како антитеза се поставува. Зошто СДСМ ги брани досегашните членови на оваа Комисија. Бидејќи оваа Комисија била надлежна да одлучува во спорови помеѓу економските оператори. Зошто? Заради тоа што одредени економски оператори до сега требаше да ги добиваат тендерите. Затоа што 7 години цела држава знаеше дека има криминал, дека има корупција, дека има проценти, дека се делат тендери на нив омилени. Само овие кој што биле надлежни кој што ние сме ги плаќале тоа не го виделе. Тука е разликата. И затоа нема ваши, наши. И затоа нема подобни, не подобни. Од овој момент натака и во изминативе 10 месеци има нова парадигма. Таа се вика чесни и криминалци. Професионалци и не работници, нема друга филозофија, проста е. Токму затоа, затоа што ние не сакаме ваквите луѓе кој што не си ја работеле работата и кој што наплаќале проценти да не бидат таму, повеќе нема да добиваат позитивни забелешки на извештаите како што во некое друго време добиваа.

Благодарам.

**Африм Гаши**: Благодарам.

Контра реплика Фатмир Бетиќи, повелете.

**Фатмир Бетиќи**: Се согласувам со криминалци и наспроти не криминалци, но како овие криминалци би направиле добар финансиски план, стратешки план и програма за работа и вие ги гласавте за. Ова е лицемерието, ништо друго не ви кажувам. Значи тој што ве гледа ви се смее. Вика, но видете тој Законот што помина за енергетика 82 гласа денеска 90% направен од тие претходно што ги држите во притвор. И денеска тоа е добро. Затоа што излегува слаткоречивата министерка и тоа е добро. Ве гледаат. Но, директорот за правни работи што се откажа од ЕСМ, зошто се откажа. За убави криминални работи или не криминални.

**Африм Гаши**: Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по годишниот извештај е завршен.

Врз основа на извештајот на Комисијата за финансирање и Буџет на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Северна Македонија го разгледа годишниот извештај за работата на Државната Комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година.

2.Собранието констатира дека Државната Комисијата за жалби по јавни набавки во 2024 година не ги реализирала активностите потребни за обезбедување на брза, објективна и ефикасна правна заштита во постапките за јавни набавки.

3. Собранието цени дека Државната Комисија за жалби по јавни набавки во 2024 година, не ги постигнала очекуваните цели, приоритети и резултати.

4. Овој заклучок заедно со извештајот на Комисијата за финансирање и Буџет, да се достави до Владата на Република Северна Македонија, Министерство за финансии и Државната Комисија за жалби по јавни набавки.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од кој 66 гласаа за, 3 гласаа против и нема воздржани.

Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 29 – Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронските комуникации за 2024 година**.

Годишниот извештај и извештајот на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање, како матично работно тело ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакаат да говорат по претресот по годишниот извештај да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот за годишниот извештај е завршен.

Врз основа на член 88 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Собранието претресот го заврши со прост премин.

**Минуваме на точка 30 – Годишен извештај за работат на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги за 2024 година.**

Годишниот извештај и извештајот на Комисијата за транспорт и дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање како матично работно тело ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кој сакаат да говорат по претресот по годишниот извештај, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Врз основа на член 88 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Собранието претресот го заврши со прост премин.

За 31-та точка, Годишен извештај ќе биде разгледан кога ќе имаме можности според Деловникот.

Исто така и за точка 32, преминуваме на точка 33.

**Минуваме на точка 33 – Годишен извештај за работата на јавното Македонска радио телевизија за 2024 година**.

Извештаите ви се доставени, отворам општа расправа.

Ги повикувам пратениците кој сакааат да говорат по годишниот извештај да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлог извештајот е завршена.

Врз основа на член 88 Собранието претресот го заврши со прост премин.

Бидејќи нема услови за 34-та, 35-та и 36-та точка, овдека ја прекинувам седницата.

За продолжувањето ќе бидете дополнително известени.

Благодарам на соработката и ефикасната работа денеска на Собранието.

(Седницата прекина со работа во 12,48 часот)